
ОПШТИНА
ЗЕЛЕНИКОВО
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
ЗЕЛЕНИКОВО



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.
За Твоето место.
За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,

Изминативе четири години како градоначалник заедно со останатите чинители од нашата навидум мала, но силна заедница, покажавме дека кога работиме со истрајност, одговорност и со љубов кон нашата Општина можеме да направиме многу, дури и кога ресурсите се ограничени. Тука свој придонес дадоа многу поединци кои работеа заедно затоа што работеа за иста цел, за нашиот дом, за нашата Општина, за нашето Зелениково.

Од реконструкцијата на локалните улици и изградбата на нова детска градника, до подобрување на условите во кои се даваат здравствени услуги, инвестиции во образованието, инфраструктурата и во секој општествен сегмент – Зелениково, денес е евидентно подобрено место за живеење.

Јас, Коста Маневски пред сè како човек, сопруг и родител на три деца, силно верувам и убеден сум дека допрва најдоброто е пред нас. Затоа, со голема чест и одговорност ја поднесувам мојата кандидатура за втор мандат како Ваш градоначалник. Мојата визија е Општина Зелениково да ја направиме модерна, уредена и хумана средина во која младите ќе останат, семејствата ќе живеат достоинствено, а економијата ќе напредува.

Во следните четири години ќе продолжиме со силни инвестиции во инфраструктура, нова индустриска зона, спортски комплекс, дневен центар за стари лица, парцели за младите брачни парови и бројни други проекти што директно ќе го подобрат секојдневието на сите нас.

Ве повикувам како и досега, заеднички да ја продолжиме оваа успешна приказна и да изградиме иднина во која секое семејство во Зелениково ќе живее подобро.

Со почит,
Коста Маневски

Кандидат за градоначалник на
Општина Зелениково

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Миле Димовски – Носител на листа
2. Јованка Велковска
3. Ленче Колова
4. Даниел Димишковски
5. Борче Груевски
6. Стефанија Велковска
7. Маријан Ристовски
8. Љупчо Грујовски
9. Елена Маневска



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

## НОВА ИНДУСТРИСКА ЗОНА (ТАОР – Р'ЖАНИЧИНО)

Поради близината на аеродромот Скопје и автопатот Е-75, зоната ќе биде атрактивна за инвеститори од домашниот и меѓународниот бизнис-сектор. Ќе обезбеди економски развој и нови работни места. Нови компании кои ќе плаќаат комуналии и даноци, што директно ќе се слеваат во буџетот на Општината. Со тие средства ќе се финансираат проекти кои се од големо значење за сите жители на Општина Зелениково.

Извор на финансирање: Буџет на Општина

## ПРОЕКТИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА СПОРТСКИ КОМПЕКС – ЈУРИЈА

Со изградба на спортскиот комплекс „Јурија", ќе се овозможат услови за рекреација, спорт и физичка активност за сите возрасти. Децата и младите ќе имаат современо место за тренирање, натпревари и дружење. Покрај развој на спортски клубови и настани, со спортските терени, сала и реквизити ќе може да се развиваат локални спортски клубови (фудбал, кошарка, ракомет, одбојка и друго), ќе се организираат турнири и спортски манифестации кои ќе придонесат во подобар социјален живот како на младите, така и на повозрасното население. Покрај спортот, комплексот може да се користи и за културни манифестации, концерти, јавни собири и празници и на тој начин станува еден вид на мултифункционален центар на Општината. Модерен спортски комплекс е и симбол на развиена и уредена општина што го прави Зелениково попривлечно место за живеење.

Извор на финансирање: Министерство за спорт

## ПАРЦЕЛИ ЗА МЛАДИ БРАЧНИ ПАРОВИ ЗА ДОМУВАЊЕ - НАСЕЛЕНО МЕСТО МЛЕКАРА

Парцелите за млади брачни парови се предвидени во населено место Млекара. Се овозможува прв пристап до земјиште за изградба на дом. Ги намалува трошоците и финансиските бариери за започнување семеен живот. Проектот поттикнува младите да останат во Општината и да создаваат семејства, што директно придонесува за стабилна и растечка популација. Наместо да се селат во поголемите градови или во странство, младите ќе имаат мотив да останат и да се вкоренат во својот роден крај. Со зголемување на бројот на активни семејства се создаваат услови за економски и социјален развој на Општината.

Извор на финансирање: Буџет на Општина



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

**Нашата визија е Општина Зелениково да има современа, безбедна и функционална инфраструктура кој ги поврзува сите населени места и овозможува брз и безбеден пристап до економски, образовни и здравствени центри.**

## 1. ИЗГРАДБА НА ПАТ ШТО ГИ ПОВРЗУВА ПАКОШЕВО СО ТАОР

Со овој пат ќе се создаде стратешка поврзаност меѓу двете населени места, што ќе го олесни сообраќајот за граѓаните и компаниите. Патот ќе ја поддржи новопланираната индустриска зона Таор – Р'жаничино и ќе го зголеми економскиот потенцијал на Општина Зелениково.

Извор на финансирање: Централна власт

## 2. ИЗРАБОТКА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СООБРАЌАЕН ПРОЕКТ ЗА СМИРУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА НА ТЕРИТОРИЈА НА ЦЕЛА ОПШТИНА

Целосен план за модернизација и безбедност на локалните улици и патишта во сите населени места.

Извор на финансирање: Буџет на Општина

## 3. ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО АСФАЛТИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

Ќе продолжиме со подобрување на локалната мрежа на патишта со следните проекти:

- Реконструкција на улица 3 во станица Зелениково (улица меѓу станица Зелениково и Млекара);
- Реконструкција на улица 4 во станица Зелениково (над училиштето);
- Реконструкција на улица 4 во станица Зелениково (над општинската зграда);
- Реконструкција на улица 5 - Долно Маало во Станица Зелениково;
- Асфалтирање на улица во Село Зелениково – Кораб;
- Реконструкција на главна улица во населено место Река;
- Асфалтирање на пат од село Смесница до Кадина река во село Гумалево;
- Реконструкција на улица во Палиград;
- Асфалтирање на пат од извиднички дом Градовци до црква Св. Илија;
- Реконструкција на улица – викенд населба Чука (Орешани);
- Реконструкција на улица во населба Јане Сандански;
- Реконструкција на улица од гробишта до река во Село Зелениково;
- Асфалтирање на пат од сред село Ново Село до последна куќа кон Воденица;

- Одржување со тампонирање на локални патишта за селата Дејковец, Добрино , Тисовица и Вражале;
- Овие проекти ќе ја подобрат поврзаноста меѓу селата и ќе се зголеми безбедноста на граѓаните.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Централна власт

## 4. НАДГРАДБА И ПОПРАВКА НА КОЛОВОЗОТ НА ПАТНИ ПРАВЦИ

- Во соработка со ЈП Македонија пат, ќе се изврши надградба и поправка на патниот правец Р2131, Драчево – Орешани – Таор – Катланово.
- **Извор на финансирање:** Централна власт и ЈП Македонија пат.

## 5. ИЗГРАДБА НА РЕЗЕРВОАР ЗА СТАБИЛНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СЕЛО ЗЕЛЕНИКОВО И ТАОР

- Со имплементација на овој проект ќе се овозможи стабилен притисок на дотокот на вода како и континуирано, квалитетно и сигурно снабдување на домаќинствата со вода.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и централна власт

## 6. ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ДОГРАДБА НА КРАК ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ОРЕШАНИ И ЈАНЕ САНДАНСКИ

- Довршување на отпочнатиот проект и пристап на сите домаќинства до централната фекална канализација.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и централна власт

## 7. ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА КРАК ВО БОШЊАЧКО МААЛО

- Ова е исто така проект на кој ќе се работи со интензивно темпо поради обезбедување на подобри комунални услуги на жителите во Бошњачко Маало.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и централна власт

## 8. ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ДОГРАДБА НА ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СТРАХОЈАДИЦА И ПОСТАВУВАЊЕ НА КОЛЕКТОР ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ (ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА)

- Со овој проект ќе го решиме долгогодишниот проблем со фекалната канализација во село Страхојадица со поставување на пречистителна станица.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и централна власт

## 9. ПРОДОЛЖУВАЊЕ И ЗАВРШНА ФАЗА НА РЕГУЛАЦИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО НА ЗЕЛЕНИКОВСКА РЕКА – ПОСЛЕДЕН ДЕЛ ДО БРАНА

- Целосно завршување со регулација и уредување на Зелениковска Река.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и централна власт

### 10. ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНАТА

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и централна власт

### 11. ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ДОГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА НА СМЕСНИЦА И ВРАЖАЛЕ

- Завршување со водоснабдување на Смесница и изработка на проект и водоснабдување на Вражале.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и централна власт

Со реализација на сите овие проекти, Зелениково ќе стане модерна општина со функционална и безбедна инфраструктура и низа проекти кои ќе придонесат за подобар и побезбеден живот на граѓаните на Зелениково.

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## 1. НОВА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ПОМЕЃУ ТАОР И Р'ЖАНИЧИНО

- Поволни услови за влез на домашни и странски инвеститори во нова индустриска зона која ќе обезбеди економски развој и нови работни места.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 2. ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН БИЗНИС-ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИ ПРЕТПРИЕМАЧИ

- Едукација и поттикнување на младите луѓе за започнување на сопствен бизнис, како и поддршка за пристап до фондови и грантови.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 3. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ.

- Даночно олеснување и сет мерки за новите инвестиции во првата година кое ќе придонесе за отварање на нови работни места, економски раст и развој на локалната инфраструктура. Воедно се поттикнува конкурентноста, се привлекуваат нови технологии и знаења , а со тоа Општината станува атрактивна за нови вложувања.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 4. ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИ

- Поддршка на земјоделците со едукација и помош за пристап до ИПАРД-фондови, искористување на државно земјоделско земјиште, одржување на земјоделски патишта, чистење на канали и сл.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## 5. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВОДЕЊЕ БИЗНИС И ПОДДРШКА НА МАЛИ ЛОКАЛНИ БИЗНИСИ И ЗАНАЕТЧИИ

- Едукација и поттикнување за отварање на мали бизниси и поддршка на занаетчиите.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## 1. ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИИ ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО УЧИЛИШТЕТО

- Продолжуваме со дигитализација на образовниот процес во училиштата со набавка на опрема (паметни табли, компјутери, проектори и сл.), со цел олеснување на образовниот процес.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 2. РЕКОНСТРУКЦИЈАНА ЦЕНТРАЛНО И ДОГРАДБА НА ПОДРАЧНИ УЧИЛИШТА

- Се планира да се реконструира кровната конструкција и тоалетите во централното училиште „Марко Цепенков“ во станица Зелениково.
- Се планира доградба со две нови училници во подрачно училиште „Марко Цепенков“ во село Страхојадица.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за образование и наука

## 3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ КОИ ПОТТИКНУВААТ МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

- Продолжуваме со финансирање во проекти кои поттикнуваат младинско учество преку Локалниот младински совет.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 4. СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И ИЗНАОЃАЊЕ НА МОЖНОСТИ ЗА СТРУЧНО ДОУСОВРШУВАЊЕ НА НОВИТЕ МЛАДИ КАДРИ ПРЕКУ СОРАБОТКИ СО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР

- Се планира воведување на стипендии, финансиска поддршка во износ од 15 000 денари за ученици кои покажуваат способности и таленти во одредени области.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 5. ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДА ЗА НАЈДОБАР УЧЕНИК НА ГЕНЕРАЦИЈА

- Ја зголемуваме наградата за најдобар ученик од 10 000 на 15 000 денари.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 6. ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ПРВАЧЕ

- Продолжуваме со доделување еднократна парична помош за прваче во износ од 3 000 денари.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 7. ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ПОЛУМАТУРАНТИ

- Планираме доделување на еднократна парична помош за сите полуматуранти во износ од 3.000 денари.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

И покрај тоа што сè уште се придржуваме до конвенционалниот метод на образование на младите кадри користејќи ги учебниците и книгите како примарно средство, сепак сакаме да сме во тек со новите технологии и воведување на истите со цел подобрување на наставата и воведување на учениците во дигиталната ера.


Lorem ipsum dolor sit amet

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## 1. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДИГИТАЛИЗИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ ВО ОПШТИНАТА (ТВОЈ ДОКУМЕНТ – НАША РАБОТА)

- Продолжување со дигитализација на услугите во Општината со цел побрза и поефикасна услуга на граѓаните.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 2. СЛОБОДНИ WIFI ЗОНИ (ПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНА WIFI МРЕЖА ВО ОРЕШАНИ, СЕЛО ЗЕЛЕНИКОВО И СТАНИЦА ЗЕЛЕНИКОВО)

- Пристап на граѓаните на слободни Wifi зони на неколку локации во Општината.
- **Извор на финансирање:** Кофинансиран од Европската Унија и Владата на Сојузна Република Германија преку проект ЕУ 4 – Digital.



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## 1. ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА

- Се планира изградба на спортска сала во населено место Зелениково.
- **Извор на финансирање:** Министерство за спорт

## 2. ИЗГРАДБА НА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНО ИГРАЛИШТЕ – ПАКОШЕВО

- Планираме изградба на мултифункционално игралиште во населено место Пакошево.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за спорт

## 3. ПОДРШКА ЗА СПОРТСКИ КЛУБОВИ

- Продолжуваме со поддршка за формирање на нови спортски клубови. Општината има голем потенцијал за развој на различни спортови, а особено за кајакарење, планински велосипедизам и сл.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за спорт

Општина Зелениково, имајќи ја предвид важноста на спортот и здравите навики, ја препознава потребата од создавање на услови за спортски активности и нивна промоција како основа за здраво и активно население, а особено насочување на децата кон правилен раст и развој, здрави навики и спортски дух.



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## 1. ПОСТАВУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ПОТЕГ ОД ПАКОШЕВО ДО НОВО СЕЛО

- Се планира поставување на енергетски ефикасно улично осветлување од населено место Пакошево до населено место Ново Село.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 2. ПОСТАВУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ПОТЕГ ОД БОШЊАЧКО МААЛО ДО СТРАХОЈАДИЦА

- Планираме поставување на енергетски ефикасно улично осветлување од Бошњачко Маало до Страхојадица.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 3. ПОСТАВУВАЊЕ НА МЕРНА СТАНИЦА ЗА МЕРЕЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХ ВО ОРЕШАНИ И СТАНИЦА ЗЕЛЕНИКОВО

- Се планира поставување на мерна станица за квалитет на воздух во Орешани и во Станица Зелениково со јавно достапни извештаи.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

## 4. ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИТЕ ОБЈЕКТИ

- Ќе направиме нова кровна конструкција во централно училиште Марко Цепенков.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и други извори на финансирање

## 5. РЕДОВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПОШУМУВАЊЕ НА ПОВРШИНИТЕ НА ОПШТИНАТА

- Продолжување на акцијата за засадување на дрвја на територија на цела Општина.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

## 6. СИСТЕМ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД (ПОСТАВУВАЊЕ НОВИ КОНТЕЈНЕРИ И КАНТА ЗА ОТПАД ЗА СЕКОЕ ДОМАЌИНСТВО)

- Продолжуваме со нови контејнери низ сите населени места и набавка на канти за отпад за секој дом.

- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за животна средина и просторно планирање

Овие проекти ќе придонесат за здрава, чиста и безбедна животна средина во општината. Енергетски ефикасна и чиста зелена општина придонесува за подобро здравје и квалитет на животот на граѓаните со што се продолжува со трендот на Општина Зелениково како зелена и чиста општина и ја прави привлечно место за живеење.



# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

## 1. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА УРЕДУВАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА ПРОЕКТ ЗА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ ГРАДИШТЕ – ТАУРЕСИУМ

- Продолжуваме со инвестиции во археолошкиот локалитет Градиште и промоција на културното наследство и туризмот.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 2. ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА ЗА РАЗВОЈ НА СЕЛСКИ ТУРИЗАМ И СПОРТСКО РЕКРЕАТИВЕН ТУРИЗАМ

- Природните убавини и историски локалитети со кои располага Зелениково претставуваат одлична можност за развој на селски туризам и спортско рекреативен туризам.
- Општината ќе даде поддршка на локалното население за развој на руралниот туризам што ќе придонесе и за отварање на нови работни места и можност за самовработување преку мали бизниси во областа на туризмот.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 3. ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ ПЕШАЧКИ И ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО

- Се планира изработка на проект и негова реализација за изградба на пешачка и велосипедска патека од Пакошево до Ново Село.
- **Извор на финансирање:** Министерство за спорт

## 4. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СПОРТСКИ НАСТАНИ И ТУРНИРИ

- Продолжуваме со поддршка за организација на спортски настани и турнири.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 5. ВЕБ СТРАНА И МОБИЛНА АЛИКАЦИЈА ЗА ТУРИСТИЧКИ АТРАКЦИИ ВО ОПШТИНАТА

- Се планира изработка на веб-страна за сите туристички атракции во Општината (Тауресиум, Смесница, Градовци, Ново Село, Пакошево и др.)
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 6. ПОДДРШКА ЗА МАЛИ БИЗНИСИ ВО ОБЛАСТА НА ТУРИЗМОТ

- Општина Зелениково располага со значајни природни, културни и историски богатства кои претставуваат силна основа за развој на локален туризам. Со цел нивна поголема афирмација и создавање на услови за економски и социјален развој се предлага реализација на програма за поддршка и промоција на локалниот туризам.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и Министерство за култура и туризам

# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

### 1. КУЛТУРНО ЛЕТО ЗЕЛЕНИКОВО

- Организација на културни настани  на повеќе локации во Општината во текот на летниот период (кино, музички настани, детски работилници, претстави, фолклор и сл.)
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

### 2. ДЕНОВИ НА ОПШТИНАТА И ЧЕСТВУВАЊЕ НА ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА СВЕТИОТ ЦАР ЈУСТИНИЈАН ПРВИ

- Продолжуваме со организирање на настани и активности во чест на Светиот цар Јустинијан Први.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

### 3. НОВОГОДИШНА – БОЖИЌНА ПРОГРАМА

- Продолжуваме со организација на новогодишна програма со цел создавање на празнична атмосфера и промовирање на солидарност и дружење на заедницата.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

Организирање на настани и активности на територија на Општина Зелениково со цел промовирање на културниот идентитет во Општината.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## 1. ВОВЕДУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ДЕЈНОСТИ ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ КОИ ДОСЕГА НЕ БИЛЕ ДОСТАПНИ ЗА ЖИТЕЛИТЕ

- Со овој проект жителите на Општина Зелениково би добиле подобра достапност на услугите, побрза дијагноза и третман како и заштеда на време и трошоци. Ова би значело побрзо, поефикасно и подостапно здравство.
- **Извор на финансирање:** Министерство за здравство

## 2. ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ

- Продолжуваме со еднократна парична помош за новороденче во износ од 5.000 денари.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

## 3. ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ ПРЕКУ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ ЗА НЕГА ВО ДОМОТ НА СТАРИ ЛИЦА, ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И СЕМЕЈСТВА СО НИСКИ ПРИХОДИ

- Обезбедувањето услуги за нега во домот на стари лица, особено за социјално ранливите категории, овозможува подобар квалитет на живот, достоинствено стареење и намалување на осаменоста.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и НВО

## 4. ПРЕВЕНЦИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ИСКЛУЧЕНОСТ – ИНИЦИЈАТИВИ НАСОЧЕНИ КОН ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ

- Промоција на еднакви можности и намалување на дискриминацијата преку едукативни, социјални и културни активности.
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и НВО

## 5. СОЦИЈАЛНИ ПАКЕТИ ЗА РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ

- Продолжуваме со социјални пакети за ранливите категории на граѓани (новогодишни пакети, празнични пакети, училишни пакети и слично)
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина

# ПРОЕКТИ ВО ТЕК – ОБЕЗБЕДЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА СО ПОДДРШКА ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

- **1. ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА ПАНАДА ДО ПОДРАЧНО УЧИЛИШТЕ МАРКО ЦЕПЕНКОВ ВО ОРЕШАНИ**
- **2. ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД МОСТ НА ГЛАВНА УЛИЦА ДО ПРЕМИН ПРЕКУ ЗЕЛЕНИКОВСКА РЕКА ВО СЕЛО ЗЕЛЕНИКОВО**
- **3. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНА УЛИЦА ОД ПРЕД ВЛЕЗОТ НА СЕЛОТО ДО СРЕД СЕЛО ВО НОВО СЕЛО**
- **4. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНА УЛИЦА М. В. ЈУРИЈА ВО СЕЛО ЗЕЛЕНИКОВО**
- **5. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНА УЛИЦА ПОД ПРУГА ВО СЕЛО ОРЕШАНИ**
- **6. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНА УЛИЦА 2 ВО СЕЛО ЗЕЛЕНИКОВО**
- **7. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНА УЛИЦА НАД ПОСЛЕДНА АВТОБУСКА ВО СТАНИЦА ЗЕЛЕНИКОВО**
- **8. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНА УЛИЦА 1 ВО СЕЛО СТРАХОЈАДИЦА**
- **9. ИЗГРАДБА НА АБ ПЛОЧАСТ ПРОПУСТ (МОСТ) НА ЗЕЛЕНИКОВСКА РЕКА ВО СЕЛО ЗЕЛЕНИКОВО НАСЕЛЕНО МЕСТО РЕКА**
- **10. ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД ЈАНЕ САНДАНСКИ ДО СЕЛО ОРЕШАНИ**
- **11. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГЛАВНА ЛОКАЛНА УЛИЦА ОД АДМИНИСТРАТИВНА ЗГРАДА НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО ДО ПОСЛЕДНА АВТОБУСКА ВО СТАНИЦА ЗЕЛЕНИКОВО**
- **12. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНА УЛИЦА 2 ВО СТРАХОЈАДИЦА**

• **Извор на финансирање:** Централна власт

- **13. ИЗГРАДБА НА НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА СО КАПАЦИТЕТ ЗА 86 ДЕЦА СО ЈАСЛИ**

• Продолжуваме со изградбата на нова детска градинка. Се обезбедуваат современи и безбедни услови за воспитување и образование на најмладите, зголемен опфат на деца од предучилишна возраст и нови работни места за воспитувачи, стручни соработници и технички персонал.
• **Извор на финансирање:** Министерство за социјална политика, демографија и млади

### 14. ПРОШИРУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА УСТАНОВИ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ – СТАРА ПОШТА

- **Извор на финансирање:** Светска банка

### 15. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА ВО СЕЛО ЗЕЛЕНИКОВО – М. В. ЧУКА

- **Извор на финансирање:** Биро за регионален развој

### 16. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕГУЛАЦИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНО КОРИТО НА ЗЕЛЕНИКОВСКА РЕКА – ТРЕТ ДЕЛ ДО МОСТ

- **Извор на финансирање:** Министерство за животна средина и просторно планирање

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

- **1. Детски забавен парк во центарот на населено место Река во село Зелениково.**
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина
- **2. Изградба на дом за згрижување на стари лица во државна сопственост.**
- **Извор на финансирање:** Министерство за социјална политика, демографија и млади
- **3. Субвенционирање на пензионери каде што примател на пензија е еден член од семејството со минимална пензија (еднократна парична помош).**
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина
- **4. Реконструкција на пат од м. в. Гумења до Тополе и од м. в. Пирало до Етно Комплекс ГОРНА ЧЕШМА село Градовци.**
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и централна власт
- **5. Детски забавен парк во село Смесница.**
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина
- **6. Асфалтирање на пат од село Смесница до Кадина Река.**
- **Извор на финансирање:** Буџет на Општина и централна власт

ВМРО-ДПМНЕ